**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Сто триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 мај 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,01 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по Сто триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Игор Ивановски, Али Ахмети, Фазли Велиу, Г'зим Острени, Теута Арифи, Замир Дика, Мендух Тачи, Џезаир Шаќири, Лилјана Поповска, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска Цветанова, Љубчо Георгиевски и Абдулади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Точка 14 - Предлози за избор на членови на Советот за радиодифузија**

Предлозите за избор Ви се поделени.

Отворам претрес по Предлогот Фарук Омеригаќ да биде избран за член на Советот за радиодифузија.

Дали некој бара збор? (Нема)

Го заклучувам претресот.

Бидејќи има подигнато само 25 картички, треба да пристапиме кон гласање, па предлагам пауза до 11,30 часот.

Пауза до 11,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,36 часот)

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници, за да видиме колку сме.

Ги молам пратениците да влезат во салата, 70 картички се подигнати.

Ги молам пратениците да седнат на своите места и оние пратеници што излегоа да влезат во салата.

Благодарам, службите утврдија дека сега сме 64 присутни.

Предлогот Фарук Омерагиќ да биде избран за член на Советот за радиодифузија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни, 54 гласале, 52 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Фарук Омерагиќ е избран за член на Советот за радиодифузија.

Отворам претрес по Предлогот Панче Наумов да биде избран за член на Советот за радиодифузија.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Панче Наумов да биде избран за член на Советот за радиодифузија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 68 пратеници.

60 пратеници гласале, 53 за, 6 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Панче Наумов е избран за член на Советот за радиодифузија.

Господине Томиќ, повелете што имате.

**Зоран Томиќ:** Почитуван претседателе,

Согласно одредбите на Деловникот кои се однесуваат на промена на точките во дневниот ред во текот на самата седница, предлагам точката 32, а тоа е Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на нотарските работи, да биде точка 17. Значи, после Предлог одлуката за изменување на членови на Комисија на Собранието на Република Македонија за решавање на жалби од областа на радиодифузијата. За овој мој предлог барам поддршка од 10 пратеници.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот на господинот Томиќ го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 68 пратеници.

51 пратеник гласале, 51 за, нема воздржани и нема против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Госпоѓо Иванова, повелете, дали и Вие имате некои слични прашања.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Јас сакав лично да предложам и да барам точката под реден број 27 да стане точка 17, меѓутоа сега гласавме, оваа точка 27 барам да биде точка 18 на овој дневен ред и барам поддршка од 10 пратеници.

**Љупчо Јордановски:** Јас знам дека правата на жените се многу битни и ние изгласавме многу работи, но сега само уште еднаш кажете ми после која точка барате вие тоа да биде.

**Цветанка Иванова:** После префрлената точка, Законот за нотари.

**Љупчо Јордановски:** Да биде малку појасно вие барате да биде пред Предлогот за донесување на Закон за ратификација.

**Цветанка Иванова:** Да.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е појасно од таа точка што е префрлена.

Предлогот на Цветанка Иванова го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Има поддршка од 10 пратеници.

Од 68 присутни пратеници, 46 гласале, 41 за, 1 воздржан, 4 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Значи, точка 21 пред првите ратификации. Благодарам.

**Минуваме на точка 15 - Предлози за именување на членови на Советот на Македонската радио-телевизија**

Предлозите за именување, Ви се поделени.

Согласно член 127 од Законот за радиодифузна дејност членови на Советот на Македонската радио-телевизија предлагаат Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" - Скопје, Државниот тетовски универзитет "Тетово", Универзитетот "Свети Климент Охридски" - Битола, Универзитетот на Југоисточна Европа-Тетово, националната установа - Албански театар, Националната установа - Турски театар, Заедницата за единиците на локалната самоуправа, Олимпискиот Комитет на Република Македонија, Мнозинското Здружение на новинари, Стопанската комора на Република Македонија, Македонската асоцијација за информатичка технологија, Музичката Академија, Мнозинското здружение на автори на музички дела и композитори, Факултетот за драмски уметности, Заедницата на инвалидските организации на Македонија и Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот д-р Властимир Гламочанин да биде именуван за член на Советот на Македонската радио-телевизија.

Дали некој бара збор? Никој)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот д-р Властимир Гламочанин да биде именуван за член на Советот на Македонската радио-телевизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 67 присутни, 51 гласале, 46 за, 5 воздржани, нема против.

Констатирам дека д-р Властимир Гламочанин е именуван за член на Советот на Македонската радио-телевизија.

Отворам претрес по Предлогот м-р Гордана Јосифовска да биде именувана за член на Советот на Македонската радио-телевизија.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот м-р Гордана Јосифовска да биде именувана за член на Советот на Македонската радио-телевизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 67 присутни, 52 гласале, 47 за, 4 воздржани, 1 против.

Констатирам дека м-р Гордана Јосифовска е именувана за член на Советот на Македонската радио-телевизија.

Отворам претрес по Предлогот Мемет Селмани да биде именуван за член на Советот на Македонската радио-телевизија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Мемет Селмани да биде именуван за член на Советот на Македонската радио-телевизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 67 присутни, 54 гласале, 50 за, 3 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Мемет Селмани е именуван за член на Советот на Македонската радио-телевизија.

Отворам претрес по Предлогот Сенад Абдули да биде именуван за член на Советот на Македонската радио-телевизија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Сенад Абдули да биде именуван за член на Советот на Македонската радио-телевизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 67 присутни, 57 гласале, 51 за, 5 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Сенад Абдули е именуван за член на Советот на Македонската радио-телевизија.

Отворам претрес по Предлогот м-р Офелија Христовска да биде именувана за член на Советот на Македонската радио-телевизија.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот м-р Офелија Христовска да биде именувана за член на Советот на Македонската радио-телевизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни, 52 гласале, 48 за, 3 воздржани, 1 против.

Констатирам дека м-р Офелија Христовска е именувана за член на Советот на Македонската радио-телевизија.

Отворам претрес по Предлогот Аделина Марку да биде именувама за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Предлогот Аделина Марку да биде именувана за член Советот на Македонската Радио Телевизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни 51 гласале.

6 гласале за, 4 воздржани, 41 против.

Констатирам дека Аделина Марку не е именувана за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Отворам претрес по Предлогот Ахмед Јакупи да биде именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Предлогот Ахмед Јакупи да биде именуван за член Советот на Македонската Радио Телевизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни 51 гласале.

57 гласале за, 2 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Ахмед Јакупи е именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Отворам претрес по Предлогот Атила Клинче да биде именуан за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Предлогот Атила Клинче да биде именуван за член на Советот на МРТВ го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 67 присутни 50 пратеници гласале.

За предлогот гласаа 47 пратеници, 2 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Атила Клинче е именуван за член на Советот на МРТВ.

Отворам претрес по Предлогот Ненад Прелиќ - Неџими да биде именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Предлогот Ненад Прелиќ Неџими да биде именуван за член Советот на Македонската Радио Телевизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни 51 гласале.

49 гласале за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Ненад Прелиќ - Неџими е именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Отворам претрес по Предлогот Драгољуб Лазов да биде именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Предлогот Драгољуб Лазов да биде именуван за член Советот на Македонската Радио Телевизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни 54 гласале.

50 гласале за, 4 воздржани, нема против.

Констатирам дека Драгољуб Лазов е именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Отворам претрес по Предлогот Зоран Бојаровски да биде именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Предлогот Зоран Бојаровски да биде именуван за член Советот на Македонската Радио Телевизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни 55 гласале.

48 гласале за, 5 воздржани, 2 против.

Констатирам дека Зоран Бојаровски е именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Отворам претрес по Предлогот Хисен Шаќири да биде именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Предлогот Хисен Шаќири да биде именуван за член Советот на Македонската Радио Телевизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 56 присутни 53 гласале.

50 гласале за, 3 воздржани, нема против.

Констатирам дека Хисен Шаќири е именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Отворам претрес по Предлогот Кираца Трајковска да биде именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Молам кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** благодарам претседателе,

Со оглед на фактот дека ние сега избираме членови на Советот на Македонската радио телевизија кој има една значајна улога за да ја подигне Македонската радио телевизија на нозе, која е во колапс и имаме предлог од страна на Стопанската комора на Република Македонија госпоѓата Кираца Трајковска, која е заменик генерален директор на АД Фершпед - Скопје, да биде избрана за член на Советот на Македонската радио телевизија,

Од биографските податоци гледаме дека госпоѓата е економист и ја бива за во делот на финансиите , со оглед на тоа дека од 1985 до 2006 година била раководител на Стопанска служба, раководител на финансиски сектор, заменик генерален директор, СОК, значи богата економска биографија и јас се надевам дека со помош на генералниот директор на Фершпед ќе успеат да ја подигнат Македонската радио

телевизија од она дубиозна финансиска состојба во која се наоѓа.

Се надевам дека ќе го постигне ефектот заради кој е предложена од страна на Стопанската комора, со оглед дека работи, или членува во американската стопанска комора, холандската стопанска комора, европската бизнис асоцијација. Значи еден апел до госпоѓата Кираца Трајковска која е наместо заменик генерален директор на АД Фершпед да ургира кај нејзиниот директор, генерален директор на Фершпед да помогнат на Македонската радио телевизија да го добие местото кое и следува и да ја извлечат од финансиската криза. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот.

Предлогот Кираца Трајковска да биде именуван за член Советот на Македонската Радио Телевизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни 46 гласале.

43 гласале за, 1 воздржани, 2 против.

Констатирам дека Кираца Трајковска е именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Отворам претрес по Предлогот Тони Петровски да биде именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Предлогот Тони Петровски да биде именуван за член Советот на Македонската Радио Телевизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни 50 гласале.

46 гласале за, 3 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Тони Петровски е именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Отворам претрес по Предлогот Олег Контраденко да биде именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Предлогот Олег Контраденко да биде именуван за член Советот на Македонската Радио Телевизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни 43 гласале.

41 гласале за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Олег Контраденко е именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Отворам претрес по Предлогот Калиопи Букле да биде именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Предлогот Калиопи Букле да биде именуван за член Советот на Македонската Радио Телевизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни 47 гласале.

45 гласале за, 1 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Калиопи Букле е именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Отворам претрес по Предлогот Владимир Милчин да биде именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Предлогот Владимир Милчин да биде именуван за член Советот на Македонската Радио Телевизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни 49 гласале.

43 гласале за, 1 воздржани, 5 против.

Констатирам дека Владимир Милчин е именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Отворам претрес по Предлогот Миодраг Игњатовиќ да биде именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Предлогот Миодраг Игњатовиќ да биде именуван за член Советот на Македонската Радио Телевизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни 48 гласале.

46 гласале за, 1 воздржани, 1против.

Констатирам дека Миодраг Игњатовиќ е именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Отворам претрес по Предлогот

Горан Коевски да биде именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Предлогот Горан Коевски да биде именуван за член Советот на Македонската Радио Телевизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни 46 гласале.

44 гласале за, 2 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Горан Коевски е именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Отворам претрес по Предлогот Раде Силјан да биде именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Предлогот Раде Силјан да биде именуван за член Советот на Македонската Радио Телевизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни 49 гласале, 48 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Раде Силјан е именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Отворам претрес по Предлогот Фатмир Сулејмани да биде именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Предлогот Фатмир Сулејмани да биде именуван за член Советот на Македонската Радио Телевизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни 48 гласале, 45 гласале за, 1 воздржан, 2 против.

Констатирам дека Фатмир Сулејмани е именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Отворам претрес по Предлогот Иван Бојаџиски да биде именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Предлогот Иван Бојаџиски да биде именуван за член Советот на Македонската Радио Телевизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни 49 гласале, 48 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Иван Бојаџиски е именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Отворам претрес по Предлогот Сами Бајрами да биде именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Предлогот Сами Бајрами да биде именуван за член Советот на Македонската Радио Телевизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни 50 гласале.

46 гласале за, 3 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Сами Бајрами е именуван за член на Советот на Македонската Радио Телевизија.

**Минуваме на точката 16. - Предлог на одлука за именување на членови на Комисијата на Собранието на Република Македонија за решавање на жалби од областа на Радиодифузијата.**

Предлогот на одлуката ви е поделен,

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни, 47 гласале.

За одлуката гласаа 45 пратеници, 1 воздржан и 2 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

(Со седницата продолжи да пртседава господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието).

**Слободан Најдовски: Минуваме на точката 17: Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на нотарските работи со Предлог на закон**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор пратеникот Јанаке Витановски.

Повелете господине Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници,

Во овој парламентарен состав скоро 90% од законите ги предлага Владата на Република Македонија, но овој пат јас и пратеникот Зоран Томиќ врз основа на член 133 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија и член 71 став 1, од Уставот на Република Македонија поднесуваме предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на нотарски работи.

Законот за вршење на нотарските работи е донесен 1997 година, а има измени и дополнувања во 1998 година, а на сила е стапен од 12 јуни.

Во примената на Законот за вршење на нотарските работи се покажа дека определени одредби поради непрецизности или нејаснотии овозможуваат на нотарите нееднакво пристапување при составување и издавање на исти нотарски исправи односно при обезбедување на други нотарски дејствија.

Со овие измени се предлага да се уредат определени прашања со што ќе се подобри

функционирањето на нотаријатот. Значи, овој закон што го предлагаме јас и колегата Зоран Томиќ, ќе придонесеме за подобрување на функционирањето на нотаријатот. Исто така, ќе се зајакне законитоста и ќе се олесни пристапот на граѓаните во нотарските канцеларии.

Законот е краток и има само 8 члена. Ќе дадам мал коментар на овие членови.

Вршиме измени и дополнување во членот 9 од Законот за вршење на нотарски работи, при што со бришењето на зборовите "најмалку по", се врши прецизирање на бројот на нотарите во однос на бројот на жителите на подрачјето на Основниот суд.

Во членот 24 правиме мала измена и додаваме нов став 2 кој гласи "службено подрачје на нотарите во град Скопје е подрачјето на Основните судови на град Скопје".

Со предложеното законско решение се врши усогласување на законот за вршење на нотарските работи, со новиот закон за судовите кој беше донесен неодамна. Исто така, ваквото решение кореспондира и со концептот на градот Скопје, како единствена територијална целина.

Во членот 53 исто така имаме измени и дополнување, односно зборовите "лице во кое има доверба", се заменува со зборовите "неговиот заменик или полномошник". Тоа од причина што во законот за вршење на нотарските работи строго се определува нотарот како лице кое може да состави нотарски акт. Со предложеното решение се прецизира дека покрај нотарот, нотарски акт може да состави и нотарски заменик или нотарски помошник по строго утврдени законски услови.

Во членот 61 додаваме нов став 7 кој гласи "застапник или полномошник на правно лице може кај нотарот да депонира свој потпис врз основа на записникот за депонирање на потпис. Нотарот кај кој е извршено депонирањето е овластен да изврши заверка на потписот на лице кое го депонирало својот потпис".

Со новиот став во овој член се врши легализација на веќе воспоставената практика на постоење на записниците за депонирање на потписи на застапниците односно полномошниците при правните лица. Ова решение е мошне практично и го олеснува правниот промет. Заради тоа ја вршиме и оваа измена.

Во членот 88 додаваме нова реченица "заеднички именик може да се врши и во електронска форма". Со водење на заедничкиот именик во електронска форма мошне ќе се олесни оваа обврска на нотарите, имено ќе се води на електронска форма овој заеднички именик. Имено со сегашното решение се воспоставува гломазно и непрецизно потпишување на странките во кое тешко да се снајде и претпоставува губење на време.

Книгата за депонирање на потписи која се води во Нотарска комора е неопходно решение без кое министерствата и другите јавни институции не би можеле да функционираат. Пред поставувањето во нотаријатот оваа книга се водеше во соодветните судови. Едноставно не може да се замисли функционирањето на јавните установи и на самиот нотаријат без ова законско решение односно заеднички именик да се води во електронска форма.

Новина која ја предлагаме во овој закон тоа е во членот 95 предлагаме нотарски помошник да е доплломиран правник кој е стално вработен во нотарска канцеларија и кој е впишан во именикот на помошници-нотари,кој го води Комората.

Со оваа одредба се воведува институт на помошник на нотарот, решение кое го имаат скоро сите европски нотаријати. Не беше присутно кај нас во досегашниот закон. Со воведувањето на оваа одредба се воспоставува подобар и побрз правен промет помеѓу граѓаните, се оневозможуваат состојбите, поготово во летниот период кога поради годишните одмори граѓанинот се потешко добива нотарска услуга, а со оваа одредба сметаме дека ќе се овозможи и отворање на нови работни места во сите нотарски канцеларии. Значи, со оваа одредба ќе предлагаме покрај нотарот да имаме помошник, тоа е доплломиран правник. Значи, тоа ќе биде нотарски помошник кој ќе ја извршува оваа функција и ќе се отворат нови работни места, а граѓаните во летните периоди ќе ги добиваат и нотарските услуги. Истовремено се овозможува на нотарите да се вклучат и во стручните и други активности на Комората и пошироко. Тоа се одредбите кои ги предлагаме јас и колегата Томиќ и сметам дека ова е главната работа со која ќе овозможиме нотарските канцеларии да работат што е можно подобро и добро да функционираат, а ќе се зајакне и законитоста.

Една друга придобивка од овој закон е тоа што ќе го олесниме пристапот на граѓаните до нотарските канцеларии.

За овој закон не се потребни финансиски средства и заради тоа предлагам колегите пратеници да гласаат за овој закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Витановски.

Има збор пратеникот Зоран Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги,

Колегата Јанаќе навистина одлично го образложи нашиот предлог на закон, меѓутоа заборави да каже дека покрај мене и колегата Јанаќе, во работата и подготовката на овој закон огромен придонес даде и нашата колешка Славица Грковска. Верувајте дека овој предлог закон се работи во согласност и со Управата на нотарите на Република Македонија.

Јас не би должел повеќе, само би сакал да истакнам две работи.

Со воведувањето на категорија-нотарски помошник отвораме нови од 150 до 200 работни места за млади дипломирани правници во Република Македонија. Имено, во Република

Македонија моментално се запишани 115 нотари. Секој од нив, во зависност од бројот на предметите кои ги обработуваат во своите канцеларии држи по еден, два а по некои од колегите држат по 3 или 4 дипломирани правници кои сега својот статус го регулираат со договор на дело или на друг начин. Со оваа категорија не само што добиваме звање нотарски помошник, туку ќе ги обавуваат и работите исто како и нотарите, согласно овластувањата предвидени во членот 95-а, што го предлагаме. Повторувам, тоа е еден огромен успех и за ова парламентарно Собрание, значи и за позицијата и за опозицијата и јавно ги повикувам сите млади колеги дипломирани правници, веднаш по стапувањето во сила на овој закон, што се надевам дека ќе го донесеме едногласно, да бидат пријавени според критериумите што ние односно ова Собрание ќе ги донесе. Благодарност и до Владата на Република Македонија што даде позитивно мислење по овој предлог на закон, на нас пратениците. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на нотарските работи.

Пред да преминеме на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата за да можеме да го гласаме заклучокот.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Можеме да преминеме на гласање.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник гласале 54 пратеници, 54 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник гласале 54 пратеници, 54 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеници гласале 57 пратеници, 57 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на нотарските работи.

**Минуваме на точка 18 - Предлог на закон за еднакви можности на жените и мажите**

Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Цветанка Иванова поднесе амандмани на член 11 став 2, член 14 став 1 алинеа 7, член 18 став 2, член 30, член 34 став 1 и за менување на член 43, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 2, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика господинот Стевчо Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 41 став 1 алинеа 7, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика господинот Стевчо Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 2, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика господинот Стевчо Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 30, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика господинот Стевчо Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 34 став 1, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика господинот Стевчо Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 43, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика господинот Стевчо Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, а дали ќе го изгласаме законот, ќе видиме после.

**Цветанка Иванова:** Потпретседателе, ви благодарам, само кратко сакам да го изразам задоволството од донесувањето на овој закон и секако да кажам кратко ставен е на дневен ред, очекувам дека ќе гласаат колегите пратеници затоа што со овој закон се обезбедува правна и институционална рамка на полето на унапредување на односите помеѓу половите.

Зедов збор за да искажам огромна благодарност на Министерството за труд и социјална полититка и Владата што го изработија овој закон, на подршката на Норвешката Влада што ја даваше постојано при изработката на овој закон, на невладиниот сектор, на медиумите и секако на пратениците, нашите колеги од спротивниот пол кој постојано ни даваа подршка во оваа наша борба за унапредување на правата на жената во општеството. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Марија Којзеклиска, се надевам дека ќе обезбедите кворум да гласаме.

**Марија Којзеклиска:** Да, бидејќи законот е многу важен и го тангира еднаквиот третман на мажите и жените, бидете сигурни дека барем од пратеничката група на ВМРО Народна партија ќе имате подршка од бројот на пратениците што се тука.

Сакам да кажам два три збора за овој закон. Го поздравувам донесувањето на законот и давањето на таа законска рамка за еднаков третман на мажите и жените, меѓутоа, она што го зборував во прва фаза ќе го повторам, а ќе се надоврзам и на Извештајот на ЦДАУ каде е образложено или се кажани забелешките по однос на првиот, вториот и третиот периодичен извештај на Обединетите Нации каде беше присутен и министерот за труд и социјална полититка.

Законот како закон постои и добро е што ќе го донесеме, меѓутоа, законите ги носиме само заради нивна практична имплементација и да можат да профункционираат во реалниот живот.

Ако го носиме само како закон за да го имаме и тоа е некоја придобивка, меѓутоа, она што го имаме како напредна верзија или заклучните коментари на Комитетот за елиминација на дискриминација на жените по однос на разгледаниот групен иницијален втор и трет периодичен извештај има определени забелешки кои се однесуваат на овој закон и целта што сака да се постигне.

Од она што успеав да го видам како главни области на загриженост и препораки, треба да се работи на свеста кај сите граѓани во Република Македонија независно мажи или жени за постоењето и практичната имплементација на оваа родова еднаквост која треба да се постигне со овој закон.

Иако во законот генерално се дадени насоките, но укажувањето на овој заклучок е дека овој закон главно се фокусира на родовата дискриминиација и тоа на полето на вработувањето и на работата без потоа да навлегува или да предложи сеопфатни решенија во останатите области како што се дискриминација на политичко, економско, социјално, културно, граѓанско и други нивоа, согласно Конвенцијата која е прифатена.

Понатаму се укажува дека привремените специјални мерки не се предвидени со овој закон ниту се применуваат во државата како политика за забрзување на остварување на фактичката положба помеѓу мажите и жените во сите области од Конвенцијата.

Комитетот исто така искажува загриженост во врска со опстојувањето на патријархалните ставови и длабоко вкоренетите стереотипи во однос на одговорностите на жените и мажите во семејството и општеството.

Не само во делот на политиката, туку во сите останати сегменти од општественото живеење, жената е некако на второ место, тоа мора да го признаеме, освен во одредени области од образованието каде се доминантни или во поголем процент се застапени жените, меѓутоа факт е дека постоењето на тоа патријархално воспитување кај нас и во 2006 година предизвикува проблеми на жените во нивното инкорпорирање во сите сегменти од општествениот живот. Тоа го укажува и Комитетот и тоа би била целта на законот за еднаков третман на мажите и жените токму во неговото практично профункционирање во сите делови не само во делот на вработувањето или работата од аспект на родовата дискриминација, туку и на сите оние претходни нивоа кои ги кажав културно, економско, политичко, итн. ниво.

Едно од трите сумарни сознанија и тука би завршила, дека во Извештајот во сенка кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жената постојат три сумарни сознанија и ќе ги цитирам вака:

Од направената правна анализа и утврдената фактичка состојба можат да се извлечат три глобални констатации:

Прво, постои голема усогласеност помеѓу нашето македонско законодавство со одредбите на Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жените, јас тоа го поздравувам како правна рамка.

Второто сумарно сознание е дека состојбата е нешто понеповолна во однос на имплементацијата на усогласените законски прописи. Тука би се фокусирала или апелирала до Министерството за труд и социјална политика во натамошната работа во делот на родовата припадност да се фокусира на диспропорцијата која постои помеѓу правната норма и фактичката состојба на теренот.

Третото сумарно сознание е дека е најнеповолна оценката во однос на фактичката состојба на жената во семејството и општеството односно постои изразит расчекор помеѓу правната и фактичката положба на жената.

Овие три сумарни сознанија треба да му бидат мотив на Министерството за труд и социјална политика. Активирајќи ги постојаните мерки, претходните мерки и се она што е наведено во законот да може практично да се имплементира законот и навистина да се постигне целта заради која се носи овој закон, а името на законот го третира тоа - еднакви можности и еднаков третман на мажите и жените.

Тука би завршила, ќе го подржам Предлогот на законот за еднакви можности на жените и мажите со укажување до Министерството затоа што тоа во својот состав го има Одделението за родова еднаквост, голем број ингеренции се во негова надлежност во овој дел понатаму да води сметка за реалното имплементирање на овој закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева :** Благодарам почитуван потпретседател, сосема накратко сакам да ја искажам подршката која ја дава пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ за донесување на овој Предлог на закон за еднакви можности на жените и мажите.

Носењето на еден ваков закон е наша обврска и неопходност бидејќи произлегува од универзалните човекови права во делот на рамноправноста меѓу половите.

Овој закон ќе биде основ за унапредување на рамноправноста на половите и исполнување на препораките на Комитетот за елиминација на дискриминацијата на жени.

Од тие причини пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ, да кажам уште еднаш, ќе го подржи овој закон.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Славица Станковска.

**Славица Станковска:** Благодарам потпретседателе, ќе бидам мошне кратка, многу се дискутираше во првата фаза за законот кој го носиме. Како што рекоа колешките тоа е обврска за пооделни права на жените односно половата застапеност кои се регулирани во повеќе законски решенија, но добро е што и во ова законско решение ќе бидат опфатени сите права, без разлика на кој дел од општествената сфера се работи.

Ние од пратеничката група од Новата социјалдемократска партија исто така ќе го подржиме овој закон, но како и до сега што спомнаа некои мои колеги законот не треба само да се донесе, туку да се надеваме дека во иднина и ќе заживее. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Благодарам.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласање беа присутни 64 пратеника, од нив гласале 59 од кои 58 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за еднакви можности на жените и мажите.

(Донесувањето на законот е пропратено со аплауз)

Сега се враќаме на оној редослед кој беше претходно.

(Во 12,51 часот со седницата продолжи да раководи Љупчо Јордановски, претседател на Собранието)

**Љупчо Јордановски:** Ве молам потивко, знам дека радоста е голема, но мораме да работиме.

**Минуваме на точката 19 - Предлог за донесување на законот за ратификација на Протоколот за измена на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји-членки за тарифните квоти за увоз на шеќер и производи од шеќер со потекло од Република Македонија во Заедницата, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе,

Еве пред нас има една ратификација на протокол за измена на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји членки за тарифните квоти за увоз на шеќер и производи од шеќер со потекло од Република Македонија во Заедницата.

Мислам дека причините се тоа што Одлуката од страна на Советот на Европа за потпишување на Протоколот за измена на Спогодбата донесе до тоа да имаме промена на тарифните квоти за увоз на шеќер и производи на шеќер со потекло од Република Македонија во Заедницата и тоа е донесено на 21 ноември 2005 година, истиот е потпишан со размена на писма некаде на 13 декември 2005 година и Одлуката за предвремена примена на овој Протокол се однесува на предвремена примена на извозната квота од 1 јануари 2006 година. Значи, таа извозна квота е веќе во тек, ближи јуни месец, 6 месеци од она што беше предвидено за квотата е завршено.

Оваа одлука Европската заедница ја носи токму за заштита на своите земји членки и за увоз од Република Хрватска и Република Македонија.

Јас би сакал да прашам затоа што во овој момент во Република Македонија се јавува голем проблем, посебно со производителите на шеќерната репка и ова што моментално се случува во Република Македонија, производителите да се откажуваат од производството на шеќерна репка, па дали со ова ќе направиме уште еден проблем ќе дојдеме во ситуација која уште повеќе ќе го загрози натамошното производство и она што Република Македонија во овој момент го прави со Битолската шеќерана.

Затоа би ги прашал господата предлагачи на овој закон Министерството за надворешни работи и Министерството за економија, гледам дека е тука заменикот министер за економија господинот Саша Андоновски. Во овој момент ние добиваме тарифна квота од 7.000 тони шеќер кои ќе може Република Македонија да ги извезува во Европската заедница. Што значи тоа за Република Македонија, кое производство и дали нормалното производство кое до сега го имала шеќераната во Битола и она производство што Република Македонија го планира години наназад ќе може да биде задоволено со оваа квота и за колку е намалена квотата и годините наназад во кои Шеќераната од Битола и овие производи од шеќер биле извезувани во Европската унија за да ние како пратеници можеме да донесеме една одлука со која ќе бидеме сигурни пред граѓаните на Република Македонија дека причината за натамошното производство нема да лежи во некоја забрана или намалување на квотата која со оваа ратификација ние денеска ќе ја донесеме.

Се надевам дека ќе добијам одговор од господата предлагачи на законот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во Собранието, 57 пратеника се присутни, за да гласаме заклучок.

Неколку дами излегоа, заврши нивниот закон и сега ...

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Благодарам.

62 пратеника сега се присутни во салата.

Го читам заклучокот по кој треба да се произнесеме, а тој гласи:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Протоколот за измена на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји членки за тарифните квоти за увоз на шеќер и производи од шеќер со потекло од Република Македонија во заедницата.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници во салата, гласале 51, 51 пратеник гласал за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се пртресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници во салата, гласале 45, 45 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници во салата, гласале 51, 51 пратеник гласал за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Протоколот.

**Минуваме на точката 20.- Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Шпанската Влада за преземање на лица со незаконски престој на нивните територии, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Шпанската Влада за преземање на лица со незаконски престој на нивните територии.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници во салата, гласале 48, 48 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

(Повеќе пратеници излегуваат од салата.)

Ве молам пратеници, каде одите?

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се пртресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Молам, службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум)

Благодарам, сега сме 61 присутен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Од 61 присутен пратеник во салата, гласале 49, 49 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници во салата, гласале 50, 50 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Протоколот.

**Минуваме на точката 21.- Предлог за донесување на закон за ратификација на Рамковната коненција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници, 49 гласале, 49 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се пртресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници во салата, гласале 50, 50 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници во салата, гласале 50, 50 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација.

Господине Караџоски, повелете.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе,

Од името на пратеничката група на ВМРО Народна партија барам еден час пауза.

**Љупчо Јордановски:** Објавувам пауза до 15,00 часот.

(Паузата отпочна во 13, 10 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,01 часот)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

**Минуваме на точка 22 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Меѓународната конвенција за сузбивање акти на нуклеарен тероризам, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Координаторите на пратеничките групи да ме известат дали може да се обезбеди кворум.

Продолжуваме во четврток со почеток во 11,00 часот).

(Седницата прекина во 15,03 часот)